**УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**KETOCONAZOLE ALKALOID ® / КЕТОКОНАЗОЛ АЛКАЛОИД ®**
**20 mg/1 g шампон**
**(ketoconazole)**

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Кетоконазол Алкалоид и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Кетоконазол Алкалоид
3. Како да се употребува Кетоконазол Алкалоид
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Кетоконазол Алкалоид
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА КЕТОКОНАЗОЛ АЛКАЛОИД И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Кетоконазол Алкалоид шампонот содржи лек кој се вика кетоконазол. Кетоконазол припаѓа на групата антифугални лекови. Кетоконазол Алкалоид шампонот се употребува за лекување и спречување на повторна појава на габични инфекции на скалпот (косматиот дел од главата) и телото како што се:

· првут;

· суви или масни наслаги (лушпи) на скалпот (косматиот дел од главата) и другите делови од телото (себороичен дерматитис);

· неправилни бели до кафеави дамки кои се јавуваат по телото и понекогаш се јавуваат по престојување на сонце (тинеа/ питиријазис верзиколор).

Овие состојби може да чешаат. Тие се предизвикани од габа која се вика Маласезија. Оваа габа ја има на кожата во нормални услови, но понекогаш може да се размножи и да предизвика реакција на кожата. Кентоконазол Алкалоид шамопнот ги уништува габите и го спречува понатамошното ширење на инфекцијата.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ КЕТОКОНАЗОЛ АЛКАЛОИД

**Немојте да употребувате Кетоконазол Алкалоид, ако:**

- сте имале алергиска реакција на кетоконазол или на било која состојка на лекот (наведена во точка 6 од ова упатство);

**Бидете особено внимателни со Кетоконазол Алкалоид и известете го Вашиот доктор ако:**
- користите крем или лосион што содржи стероиден лек (на пр. бетаметазон или хидрокортизон) на површината од кожата што се лекува со Кетоконазол шампонот. Во првите 2 до 3 недели ќе треба постепено да ја намалувате количината на стероидниот крем или лосион кој го користите за да не се влоши габичната инфекција додека не почне да делува Кетоконазол Алкалоид шампонот. Ако имате прашање за тоа како да ја намалувате количината на стероидниот крем што ја користите, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

**Деца и адолесценти**
Кетоконазол Алкалоид шампонот не смее да се употребува кај доенчиња и деца.

**Употреба на други лекови**
*Кетоконазол Алкалоид шампонот нема интеракции со други лекови. Сепак, ве молиме да се посоветувате со доктор или фармацевт дали може да користите Кетоконазол Алкалоид шампон ако сега или неодамна сте користеле други лекови, вклучувајќи ги и лековите што се земаат без рецепт.*

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Кетоконазол Алкалоид шампонот може да се употребува во текот на бременоста и доењето.

**Возење и управување со машини**
Кетоконазол Алкалоид шампонот нема влијание врз способноста за возење и управување со машини.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА КЕТОКОНАЗОЛ АЛКАЛОИД

*Секогаш употребувајте го Кетоконазол Алкаоид точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни како, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.*

Кетоконазол Алкалоид шампонот е само за надворешна употреба на кожа (дермална). Измијте ја вашата коса или афектираната кожа со Кетоконазол Алкалоид шампонот и оставете го да стои 3-5 минути, а потоа добро исплакнете со вода.

*За првут или суво/масни наслаги на кожата:* за почеток, користете го Кетоконазол Алкалоид шампонот два пати неделно (секои 3 до 4 дена) во текот на 2-4 недели. Потоа за превенција, користете го шампонот еднаш на секои 1-2 седмици. Доколку Вашата коса е неопходно да ја миете помеѓу третманите, користете обичен шампон.

*За бели/кафеави дамки на кожата:* третирајте ја зафатената површина со Кетоконазол Алкалоид шампонот еднаш дневно во текот на 5 дена. Овие дамки може да бидат повеќе видливи по изложување на сонце. Овој ефект може да се намали со еден 3-дневен третман со Кетоконазол Алкалоид шампон непосредно пред сончање.

Не го користете Кетоконазол Алкалоид шампонот почесто отколку што е препорачано. Доколку е потребно да користите шампон почесто, тогаш употребете обичен шампон.

Ако вашата коса е многу густа или долга, можете да ја измиете со обичен шампон, а потоа да го користите Кетоконазол Алкалоид шампонот.

*Доколку имате впечаток дека ефектот на Кетопконазол Алкалоид е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако Кетоконазол Алкалоид шампонот Ви влегол во очите**
Нежно исплакнете ги очите со ладна вода.

**Ако сте проголтале од шампонот**
Потребно е веднаш да го известите Вашиот доктор.

**Ако сте заборавиле да го употребите шампонот**
Не треба да Ве загрижува пропуштањето на една употреба на Кетоконазол Алкалоид шампонот. Треба да продолжите со Вашиот третман веднаш штом се сетите. Не го употребувајте лекот два пати за да ја надоместите пропуштената доза.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, Кетоконазол Алкалоид може да има несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

**Престанете да го употребувате шампонот Кетоконазол Алкалоид и веднаш известете го Вашиот доктор бидејки може да има потреба од итен медицински третман ако:**
– Ви се јави алергиска реакција со оток на лицето, усните и устата, јазикот и грлото што може да предизвика потешкотија при дишењето. Ова несакано дејство може да се јави кај помалку од 1 на 1000 пациенти.
- Ви се јави иритација или црвенило на површината од кожата која се лекува со шампонот или други знаци на алергија во првите неколку денови од третманот. Ова несакано дејство може да се јави кај помалку од 1 на 100 пациенти.
- Ви се јават пликови или Ви се лупи кожата што се третира со шампонот. Ова несакано дејство може да се јави кај помалку од 1 на 1000 пациенти.

**Кажете му на Вашиот доктор или фармацевт ако кај Вас се јави некое од долунаведените можни несакани ефекти:**

**Не многу чести несакани ефекти (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти)**
- Инфекција на корените на влакната од косата
- Зголемено солзење на очите
- Небично паѓање и истенчување на косата
- Сува кожа, исип, чувство на жарење по кожата
- Непријатно чувство при допирот на косата

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000;
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Август, 2018 г.